Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КЛУЧНИ ЛИЦА ВО КОМПАНИИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Ознака: ПУС-КП-нез-3.2026

Број: 1101-10830

Датум на примена: 01.04.2026 година

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

[1] Овие Посебни услови за осигурување на клучно лице од последици на несреќен случај (незгода) (во натамошниот текст: посебни услови) заедно со Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода)се составен дел на договорот за осигурување на клучни лица во компании од последици на несреќен случај што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (во натамошниот текст: осигурувач).
[2] Со овие Услови се регулираат односите помеѓу договорувачот на осигурувањето и/или осигуреникот и осигурувачот во случај на осигурување на клучно лице во компанијата поради:

- смрт како последица на несреќен случај;
- трајно губење на општата работна способност (инвалидитет) на осигуреникот како последица на несреќен случај – незгода.

## ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИ

**Член 2**

[1] Поединечните изрази во овие Услови ги имаат следните значења:
**Договорувач на осигурување**– правно лице/компанија кое го склучува договорот за осигурување со осигурувачот ;
**Осигуреник** – Клучно лице одредено од Договорувачот на осигурувањето кое е сопственик/управител, управува, раководи со правното лице/ компанијата корисник на кредит кај деловна банка, а кое осигурувачот го прифатил во осигурување и за кое е платена премија за осигурување. Клучно лице може да биде и било кое друго лице кое го одредил корисникот на кредит;
**Надомест од осигурување** – износ кој осигурувачот е должен да го исплати на корисникот на осигурувањето и/или на осигуреникот во случај на настанување на осигуран случај;
**Кредит** – одреден износ на парични средства што, врз основа на договор за кредит, кредитодавателот (доверител – деловна банка) му го става на располагање на барателот на кредитот (должникот-договорувачот) на определено време и под договорени услови, со обврска должникот да ги врати средствата и да плати надомест (камата) како цена за користење на тие средства и евентуалните други трошоци утврдени со договорот за кредит.
**Корисник на кредит** – правно лице/ компанија кое/која има склучен договор за кредит со деловна банка како кредитодавател (во понатамошниот текст: кредитодавател);
**Договор за кредит** – договор за давање на кредит, кој го склучуваат кредитодавателот и корисникот на кредитот, а кој претставува основ за осигурување во согласност со овие Посебни услови;
**Корисник на осигурување** –Во случај на смрт од незгода корисник на осигурувањето до висината на неотплатениот износ на кредит се јавува кредитодавателот. За сумата на осигурување над висината на неотплатениот износ на кредит до сумата на осигурување, корисник на осигурувањето се законските наследници.
При утврден траен инвалидитет на осигуреникот до 50% од Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), корисник на осигурувањето е осигуреникот кој е наведен на полисата за осигурување.
При утврден траен инвалидитет на осигуреникот над 50% од Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) корисник на осигурувањето е кредитодавателот.
**Кредитодавател**- деловна банка или друго правно лице кое обавува ваква финансиска дејност.

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 3**

[1] Полиса за осигурување е исправа за склучен договор за осигурување кој осигурувачот ја издава на договорувачот во еден примерок, на образец на осигурувачот.
[2] Полисата за осигурување се издава за цело времетраење на договорот за кредит.
Осигуреникот пристапува кон договорот за осигурување со потпишување на полисата за осигурување.
[3] Осигурувачот има право да го одбие лицето од осигурување или да предложи зголемена премија за лице за кое ќе утврди дека претставува зголемен ризик.
[4] Осигурувачот не е во обврска да ја образложува својата одлука за одбивање на лицето од осигурување на договорувачот на осигурувањето.
[5] Доколку договорувач на осигурувањето и осигуреникот не се исто лице, договорувачот е должен на осигуреникот да му ги врачи Условите за осигурување по кои се склучува осигурувањето, како и да го запознае осигуреникот со важните елементи на договорот за осигурување, т.е. осигурувач, договорувач на осигурување, корисник на осигурување, осигурани ризици, траење на осигурувањето, почеток и престанување на обврската на осигурувачот, сумите на осигурување по осигурените ризици, покритие по осигураните ризици, постапки во случај на настанување на осигуран случај.

**СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 4**

[1] Осигуреник согласно овие Посебни услови може да биде физичко лице односно клучно лице одредено од Договорувачот на осигурувањето во моментот на потпишување договорот:
1) има 18 (осумнаесет) години, при што истекот на договорениот период на осигурување не може да биде по навршување на 75 (седумдесет и пет) години на старост на осигуреникот;
[2] Договорот за осигурување е ништовен за лицето кое во моментот на потпишување на изјавата не ги исполнува условите наведени во ставот (1) од овој член, со што на такво лице не може да се примени осигурителното покритие.

**ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 5**

[1] Траењето на договорот за осигурување се одредува во полисата за осигурување.
[2] Договорот за осигурување започнува од 24-тиот (дваесет и четвртиот) час на оној ден кој е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, а престанува во 24-тиот (дваесет и четвртиот) час на оној ден кој во полисата е означен како ден на престанување на рокот за кој е договорено осигурувањето.
[3] Траењето на осигурувањето е еднакво на траењето на договорот за кредит на договорувачот, при што траењето на периодот на осигурување не може да престане пред истек на договорот за кредит.
[4] Во секој случај, договорот за осигурување престанува во 24- тиот (дваесет и четвртиот) час на оној ден кога осигуреникот ќе наполни 75 (седумдесет и пет) години старост, без оглед на траењето на договорот за кредит.
[5] Максимално траење на периодот на осигурување во согласност со траењето на договорот за кредит се одредува во договорот за осигурување.

**ТЕРИТОРИЈАЛНО ПОКРИТИЕ**
**ЧЛЕН 6**

[1] Со осигурувањето, покриени се осигураните ризици дефинирани во точките 1) и 2), од став (2) на член 1 од овие Посебни услови кои настанале на територија на цел свет.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 7**

[1] Обврската на осигурувачот е да исплати надомест од осигурување во случај на настанување на осигуран случај во периодот на траење на договорот за осигурување дефиниран во член 5 став 2 од овие Посебни услови.
[2] Обврската на осигурувачот престанува во 24-тиот (дваесет и четвртиот) час на денот:
1) кога се врши затворање и исплата на кредитот;
2) кога кредитот предвремено ќе се исплати – осигурителното покритие престанува со истек на тековната осигурителна година;
3) кога се раскинува договорот за осигурување – осигурителното покритие престанува со денот на раскинување на договорот за осигурување;
2)кога се врши исплата на надомест од осигурување во случај на настапување на смрт поради незгода;
4) кога осигуреникот ќе наврши 75 (седумдесет и пет) години на старост – осигурителното покритие престанува во 24-тиот час на оној ден кога осигуреникот ќе наврши 75 (седумдесет и пет) години.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 8**

[1] Кога ќе настане несреќен случај во смисла на овие Посебни услови, осигурувачот има обврска:
1) во случај на смрт на осигуреникот поради несреќен случај (незгода), да исплати надомест во износ од остатокот на главниот долг на кредитот, без заостанатите рати и камати до денот на настанување на осигурениот настан, но најмногу до договорената сума на осигурување на деловната банка која е кредитодавател;
Доколку сумата на осигурување е повисока од остатокот на главниот долг на кредитот разликата осигурувачот ја плаќа на законските наследници на осигуреникот.
2) трајно губење на општата работна способност (инвалидитет) на осигуреникот како последица на несреќен случај – незгода до 50% од Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) да исплати надомест во висина на одредениот процент на траен инвалидитет, додека трајно губење на општата работна способност (инвалидитет) на осигуреникот како последица на несреќен случај – незгода над 50% од Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), да исплати надомест во висина на одредениот процент на траен инвалидитет на кредитодавателот. Конечниот степен на инвалидитет се одредува исклучиво по Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) која е составен дел од овие Посебни услови и Општите Услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) (во понатамошниот текст: Табела за инвалидитет). Индивидуалните способности, социјалната положба или занимање (професионална способност) на осигуреникот, не се земаат предвид при определувањето на процентот на инвалидитет. Степенот на траен инвалидитет осигурувачот го одредува на основ на поднесена медицинска документација и/или извршен лекарски преглед, освен доколку поинаку не се договори.

**ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА И ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА**
**Член 9**

[1] Премијата за осигурување може да се плати одеднаш за цел период на траење на осигурувањето, освен ако поинаку не е договорено.

## ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**Член 10**

Доколку не се во спротивност со овие Посебни услови, на осигурувањата склучени според овие Посебни услови се применуваат и Општите услови за осигурување на лица од последици од несреќен случај (незгода) и Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода).

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-10820 од 11.03.2026 година и ќе се применуваат од 01.04.2026 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

______________________________
Претседател на управен одбор Ило Ристовски

______________________________
Член на управен одбор Селин Шакарер

______________________________
Член на управен одбор Игор Доневски